# ПРОПУСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ И СТУДЕНТИТЕ ЗАБЕЛЕЖАНИ ПРИ ИЗУЧУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ МАТЕМАТИКА

*Марија Митева* [1], Лимонка Коцева Лазарова [1]

[1] *Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип*

e-mail: marija.miteva@ugd.edu.mk, limonka.lazarova@ugd.edu.mk

Наставниците во училиштата и на факултетите, како и различните тестирања на учениците и студентите, сведочат дека нивото и квалитетот на знаењето по математика кое учениците и студентите го стекнале, постојано се намалува. Проблемот станува поголем кога знаењето по математика не е потребно само за да се решат конкретни математички задачи со кои ќе се добие висока оценка или ќе се положи испит. Проблемот од недостиг на математичко знаење и математички вештини најчесто се согледува кога истите треба да се применат при решавање на конкретна проблемска ситуација од секојдневниот живот и работа, или уште повеќе, при решавање на некој проблем од науката, техниката и инженерството. А примената на математиката е доста широка. Во овој труд ќе разгледаме некои типови на грешки кои учениците и студентите ги прават при изучување на математиката, кога и зошто се појавуваат, а ќе наведеме и предлози за нивно надминување.